SIGMA
Creating Change Together

A joint initiative of the OECD and the EU, principally financed by the EU

**Резиме 5** Септември, 2016 година

## Јавни набавки

# Разбирање на финансиските прагови на ЕУ

**СОДРЖИНА**


- Актуелни прагови
- Кога се утврдуваат финансиските прагови?
- Кои начела се применуваат за пресметување на финансиските прагови?
- Дали се применуваат други правила за пресметување на вредноста на договорите?
- Договори под финансиските прагови на ЕУ
- Секторски дејности
- Дополнителни информации


Одобрено за објавување од Карен Хил, раководител на програмата СИГМА


2 Rue André Pascal
75775 Paris Cedex 16
France

mailto:sigmaweb@oecd.org
Тел.: +33 (0) 1 45 24 82 00
Факс: +33 (0) 1 45 24 13 05

www.sigmaweb.org



Ова резиме е објавено во рамки на надлежноста на Генералниот секретар на ОЕЦД. Мислењата и аргументите коишто тука се изразени не треба да се смета дека ги одразуваат официјалните ставови на Европската унија или земјите-членки на ОЕЦД или земјите-кориснички коишто учествуваат во програмата СИГМА.

Овој документ и секоја мапа вклучена во истиот не се во спротивност со статусот или суверенитетот на која било територија, означувањето на меѓународните граници и со името на која било територија, град или област.

## Актуелни прагови

Директивата за јавни набавки во класичниот јавен сектор (Директивата) [1] се применува само на договори од посебен вид и со вредност која го исполнува или надминува релевантниот финансиски праг на ЕУ.

### Општи прагови

Праговите се менуваат на редовна основа, главно на секои две години. За периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2017 година, општите прагови за договорните органи се следниве:

- 5 225 000 евра за работи
- 209 000 евра или 135 000 евра за стоки и услуги
- 750 000 евра за услуги од олеснителниот режим
- 5 225 000 евра за концесии

Актуелните финансиски прагови може да се проверат на веб-страницата на Европската комисија: www.simap.europa.eu

Овие прагови го одразуваат нивото на кое ЕУ претпоставува дека веројатно ќе се одвива прекугранична трговија. Во зависност од околностите, можно е економските оператори да бидат заинтересирани за договори под вредносните прагови во други земји-членки на ЕУ. Покрај тоа, праговите се утврдени за да се обезбеди дека административните трошоци за реализирање на комплетна постапка за јавна набавка во ЕУ се оценети како пропорционални со вредноста на договорот кој се објавува.

Постојат повеќе финансиски прагови; различни прагови се применуваат за различни видови договорни органи и за различни видови договори. Поради тоа, договорните органи треба да знаат кој вид на договорен орган се тие и што набавуваат за да се утврди точниот праг.

Пресметувањето на вредноста на договорите е регулирано со неколку прилично сложени одредби. Покрај тоа, има посебни одредби со кои се опфаќа пресметката на вредноста на рамковните спогодби, динамичните системи за набавки, конкурсите за избор на идејно решение и договорите за концесија за работи.

## Кога се утврдуваат финансиските прагови?

Генерално, финансиските прагови се утврдуваат за период од две години и се менуваат на секои две години, со важност од 1 јануари. Измените се вршат преку регулативите на Европската комисија. Со одредбите се овозможува измена на финансиските прагови и во други периоди. Актуелните финансиски прагови може да се најдат на веб-страницата на Европската комисија: www.simap.europa.eu

**Општи прагови за договори за јавна набавка на работи, стоки и услуги:** Овие општи прагови не се единствените прагови, но се праговите кои најчесто се користат во практика, бидејќи важат за најголем број од договорите кои ги објавуваат договорните органи.

Праговите се различни за 1) договори за јавна набавка на работи, 2) договори за јавна набавка на стоки и услуги и 3) договори за услуги од олеснителниот режим. Прагот на договорите за

[1] Директива 2014/24/ЕУ за јавни набавки и за укинување на Директива 2004/18/ЕЗ, 26 февруари 2014 година.

јавна набавка на работи е значително повисок од прагот на договорите за јавна набавка на стоки и услуги и за услуги од олеснителниот режим.

Постојат два различни вредносни прагови за договорите за стоки и услуги. Понискиот праг се применува за најголемиот дел од набавките на јавните органи, кои подлежат на Договорот за јавни набавки на СТО (GPA), а повисокиот праг се применува за други договорни органи кои не подлежат на GPA.

**Други прагови:** Постојат други посебни прагови за помали делови, договори за субвенционирани работи и за субвенционирани услуги, договори во областа на одбраната и безбедноста кои подлежат на Директивата за јавни набавки од областа на одбраната[2] и договори за концесии кои подлежат на Директивата за концесии[3].

## Кои начела се применуваат за пресметување на финансиските прагови?

За пресметување на проценетата вредност на сите видови договори се применуваат неколку општи начела:

- Пресметката се базира на вкупниот износ за плаќање или вкупната вредност на договорот, а во случај на рамковни спогодби и на динамични системи за набавки и договори кои се поделени на делови, износот е вкупната вредност на сите потенцијални договори кои треба да се доделат според аранжманот.
- Се земаат предвид сите финансиски и нефинансиски елементи кои може да се платат, вклучувајќи ги и плаќањата од трети лица.
- Проценетата вредност на договорот мора да го земе предвид проценетиот вкупен износ, вклучувајќи ги сите опции и обновувања (дури и ако таквите опции или обновувања подоцна не се реализираат), како и сите награди и други плаќања на сите кандидати или понудувачи.
- Пресметката го исклучува данокот на додадена вредност.
- Не смее да има поделба на договорите чија цел е намерно избегнување на примената на Директивата.
- Проценката мора да биде валидна во моментот кога огласот за конкретната јавна набавка се испраќа до Канцеларијата на Службениот весник на Европската унија, или ако таков оглас не е потребен, во моментот кога договорниот орган ја започнува постапката за доделување на договорот.

## Дали за пресметувањето на вредноста на договорите се применуваат други правила?

Покрај општите начела, за пресметување на вредноста на секој вид договор како и за пресметување на вредноста на договорот во одредени околности се применуваат важни детални правила. Договорните органи мора внимателно да ги разгледаат овие правила при пресметувањето на вредноста на договорите.

Главната цел на општите начела и посебните одредби поврзани со пресметувањето на вредноста на договорите е да се обезбеди дека 1) постои точна и транспарентна првична процена на вредноста на договорот што ќе се додели и дека 2) договорниот орган не се

---

2 Директива 2009/81/ЕЗ за усогласување на постапките за доделување на одредени договори за јавна набавка на работи, договори за јавна набавка на стоки и договори за јавна набавка на услуги кои ги склучуваат договорните органи или субјекти во областа на одбраната и безбедноста и за измена на Директивите 2004/17/ЕЗ и 2004/18/ЕЗ, 13 јули 2009 година.

3 Директива 2014/23/ЕУ за доделување на договори за концесии, 26 февруари 2014 година.

обидува да ја избегне примената на Директивата, на пример, со делење на условот или договорот на помали пакети или договори под вредносните прагови.

Овие правила го опфаќаат начинот на кој се третираат сличните или повторливите потреби за набавка и како се постапува со договори чие времетраење или вредност може да бидат неизвесни, воедно правилата вклучуваат и иземање за помали договори во контекст на деловите. Покрај тоа, правилата вклучуваат одредби со кои се опфаќа ситуација каде што договорниот орган доделува одреден број договори за конкретен проект или одреден број договори за слични стоки или услуги. Поимот кој често се користи за упатување на потребните набавки кога постојат повеќе договори или повеќе повторени или слични потреби за набавка е „агрегација“.

## Договори под финансиските прагови на ЕУ

**Одредби за агрегација:** Условите за пресметување дали договорот има вредност која подразбира дека тој мора да се објави преку оглас во Службениот весник на Европската унија се релевантни за сите договори, дури и за оние кои се чини дека се под финансиските прагови на ЕУ, со цел да се утврди дали Директивата ќе се применува.

Одредбите за агрегација подразбираат, на пример, дека одреден број слични договори, каде што секој договор е под финансискиот праг на ЕУ, сепак може да подлежат на Директивата. Причината за овие одредби е тоа што вкупната вредност на сите договори мора да се собере ако се исполнети одредени услови, при што вкупната вредност тогаш може да го надмине финансискиот праг на ЕУ. Во тој случај, Директивата се применува за сите договори.

**Правило кое се применува за договори под вредносните прагови:** Статистиката покажува дека најголем број од договорите кои договорните органи ги доделуваат не подлежат на обврската за објавување во Службениот весник на Европската унија. На пример, договорот може да биде од таков вид што не подлежи на тие обврски или може да биде со ниска вредност, поради што не ги исполнува финансиските прагови на ЕУ.

Генерално, земјите-членки на ЕУ имаат одлучено да воведат сопствени правила за договори под вредносните прагови и за други договори кои не подлежат на деталните обврски за јавни набавки од Директивата. На поединечни договорни органи може, исто така, да им се дозволи или да се побара од нив да ги објават и почитуваат сопствените интерни правила за набавки, што може да вклучува и воведување на дополнителни национални и/или локални финансиски прагови.

Националните и/или локалните финансиски прагови може да доведат до различни видови обврски во однос на објавувањето и постапките за јавни набавки. Овие обврски помагаат да се обезбедат транспарентноста и еднаквиот третман. На пример:

- Директни покани, коишто може да се дозволат за договори со многу мала вредност;
- Поедноставени постапки, како што се барања за прибирање на понуди или покана за поднесување понуди до конкретен број економски оператори или локално објавување и локална конкурентна постапка за договори со средна вредност кои се под вредносните прагови на ЕУ.

## Секторски дејности

Праговите за договорите за јавна набавка на стоки и услуги и договорите од олеснителниот режим за секторските дејности се повисоки од оние кои се применуваат за класичниот сектор. Меѓутоа, како и во класичниот сектор, праговите кои се применуваат за секторските дејности генерално се утврдуваат на секои две години, а актуелните прагови може да се најдат на веб-страницата на Европската комисија. www.simap.europa.eu.

Најголем дел од општите начела кои се наведени погоре еднакво се применуваат за секторските дејности, но има разлика во однос на времето кога се пресметува проценетата вредност. Времето за проценување на вредноста зависи од начинот на започнување на постапката. Релевантните моменти се:

- Квалификациски систем: датумот на кој започнува изборот;
- Периодично индикативно известување: датумот на испраќање на огласот за доделување на договор за јавна набавка до Службениот весник на Европската унија;
- Други случаи: датумот на кој огласот за доделување на договор за јавна набавка се испраќа до Службениот весник на Европската унија ако се применува обврската за повик за поднесување понуди и ако договорниот субјект одлучи да го реализира повикот за поднесување понуди преку таков оглас.

Деталните одредби од Секторската директива[4] го опфаќаат начинот на кој вредноста на договорот се пресметува за одредени видови договори и за специфични ситуации, а дел од тие одредби се разликуваат од правилата коишто се применуваат во класичниот сектор. Меѓутоа, како и во класичниот сектор, главните цели на одредбите поврзани со пресметувањето на вредноста на договорите е да се обезбеди дека 1) е направена соодветна и транспарентна првична процена на вредноста на договорот што треба да се додели и дека 2) договорниот субјект не се обидува да ја избегне примената на Секторската директива, на пример, преку поделба на условот или на договорот во помали пакети или договори под вредносните прагови.

[4] Директива 2014/25/ЕУ за набавки на субјектите кои работат во секторите за водоснабдување, енергетика, транспорт и поштенски услуги и за укинување на Директива 2004/17/ЕЗ, 26 февруари 2014 година.

## Дополнителни информации

### Публикации

СИГМА (2015), *Прирачник за обука за јавните набавки* - Модул Г5, издание на ОЕЦД, Париз, http://www.sigmaweb.org/publications/public-procurement-training-manual.htm